# ЛОЦИРАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ НАМЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

# ЛОЦИРАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ НАМЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Редоследот по кој треба да се врши лоцирањето на различните намени во процесот на изработка на урбанистичкиот план е следниот:

1. Лоцирање на отворени простори и простори за критичните процеси во животната средина
2. **Лоцирање на регионално ориентирани активности**

   А. Работни зони:
   - производни комплекси
   - комплекси на сервиси

   Б. Централни зони
   - градски центри
   - секундарни и реонски центри

   В. Специјализирани образовни, културни, здравствени и други содржини
3. **Лоцирање на локално ориентирани активности**

   А. Домување

   Б. Содржини поврзани со домувањето, првенствено од областа на социјалната инфраструктура, секојдневното снабдување и рекреација

# ЛОЦИРАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ НАМЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Редоследот по кој треба да се врши лоцирањето на различните намени во процесот на изработка на урбанистичкиот план е следниот:

1. Лоцирање на отворени простори и простори за критичните процеси во животната средина
2. **Лоцирање на регионално ориентирани активности**

   А. Работни зони:
   - производни комплекси
   - комплекси на сервиси

   Б. Централни зони
   - градски центри
   - секундарни и реонски центри

   В. Специјализирани образовни, културни, здравствени и други содржини
3. **Лоцирање на локално ориентирани активности**

   А. Домување

   Б. Содржини поврзани со домувањето, првенствено од областа на социјалната инфраструктура, секојдневното снабдување и рекреација

**Во зависност од нивната големина и ранг центрите можат да се планираат како дел од регионално ориентираните или од локално ориентираните активности. По правило, <u>градскиот, секундарниот и реонските центри</u> припаѓаат на градските делови поврзани со регионално ориентираните активности додека разните видови на <u>локални центри</u> се поврзани со локално ориентираните активности.**

## УП2


Мадрид, Plaza Mayor


Бразилија, Praça dos Três Poderes


Ротердам , Schouwburgplein


Милано, Duomo
Galleri Vittorio Emanuele



Лас Вегас, Stripe


Осака, Namba Park

1. Градските центри претставуваат места на интензивен општествен, административно деловен и културно-образовен живот во градот

2. Градските центри се главните средишта за собири и средби на жителите на градот

3. Градските центри се главните места на идентификација во кои се напластува урбаната меморија на еден град

# ЦЕНТРИ (Централни зони и систем на центри)

**Основна класификација на видови центри:**

- според рангот: градски, реонски, локални... (хиерархиски систем на центри со центри од прв, втор, трет... степен)
- според функцијата: општи или специјализирани
- според обликот: линеарни, компактни, модуларни...
- според времето на настанување: наследени, нови (новопланирани)
- според карактерот на сообраќајот: центри со мешовит сообраќај, центри со доминантно пешачки сообраќај, центри со диференциран сообраќај
- според локацијата: центри во најтесното градско подрачје, центри во поширокото градско подрачје, центри вон градското подрачје.

**Структурата на центарот зависи од:**

- големината на градот во физичка и демографска смисла (од ова зависи бројот, видот и содржината на центрите)
- стопанската основа на градот (економска моќ на градот)
- нивото на досегнатиот урбан стандард (нивото на квалитет на останатите градски функции – зони за домување, инфраструктура, присуство на специјални содржини како култура, образование, социјална заштита итн.)
- карактерот на наследеното централно-градско ткиво...
- хомогеноста на социјалната структура, односно составот на населението (старосна структура, економска структура итн.), односот на доселеното и автохтоното население, нивните културолошки особености и традициите...






Порто









Лил, Франција



Лил, ЕУ 1990




Euralille

УП2



Лил, Франција



Лил, ЕУ 1990




Euralille

**< 1990 >**




The image of Europe OMA/AMO Content, Taschen 2004






Euralille 1989 S M L XL, Rem Koolhaas & Bruce Mau The Monacelli Press, 1995



Euralille

УП2




Euralille



**Регионално ориентиран център**

Euralille

УП2




Euralille

## УП2

административно-деловни простори




конгресен центар




продавници




Euralille

хотелско сместување






**Центар настанат како резултат на урбана ре-квалификација на индустриски комплекси**

Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC

cca. 30000 жители 45000 работни места









Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC

# УП2







Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC

# УП2

зона на секундарен градски центар





2000-2005

**¬15ха (10%)**

2005-2010

2010-2015

2015-2020

2020-2025

2025-

Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC



Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC











Хамбург, HafenCity KCAP+ASTOC

УП2




**Скопје ОУП 1965**

Скопје како **полицентричен** град – мрежа од центри кои взаемно „соработуваат“

УП2




Скопје ОУП 1985

Скопје како **полицентричен** град – мрежа од центри кои взаемно „соработуваат“

## УП2




**Скопје ГУП 2002**

**Градски центар** **Секундарни центри** **Реонски центри**

# УП2


City centre
District centre
Larger local centre
Local centre
Area served
Technical schools
University
Hospitals
Exhibition area
0
1 Mi
1 Km




Скопје, 1965
градскиот центар

УП2




Скопје, 1965
градскиот центар










Скопје, 1965
градскиот центар

**Класификацијата на централните зони во градовите може да биде најразлична, но најчесто тие се делат по хиерархиски ранг на (главни) градски центри, секундарни центри, реонски центри и локални центри. Ваквата класификација на центрите сеуште се користи бидејќи произлегува од <u>анализата на потребите</u> на жителите на градот, <u>радиусот на опслужување</u> на центрите и <u>дистрибуцијата на намени од јавен карактер</u>, односно на оние намени кои генерално не припаѓаат на зоните за домување и работните зони.**

**Градскиот центар** или главниот градски центар (кај малите и средно големите градови) претставува средиште на општествените, социјалните, економските и јавните активности во еден град. Градските центри најчесто се позиционирани во средиштето на градот и го претставуваат највпечатливиот дел на изградената градска структура. Иако нивната генеза произлегува од старите градски јадра и плоштади, континуираниот раст на градовите (особено во големите метрополитенски агломерации) придонесе до создавање на комплетно нови градски центри како и нови модели за истите (концентрација на густо изградени високи објекти со административно-деловна намена кои формираат ново градско средиште - down-town).

Независно од начинот на кој се настанати главните градски центри тие претставуваат сложен систем на намени во кој можат да влезат скоро сите содржини од јавен градски карактер, но  и коридори за пристап преку кој ваквите зони се поврзуваат и влијаат на останатите градски делови како и на поширокиот регион.




Класификација на градски центри според ранг

**Секундарните центри** најчесто се појавуваат во големи градски средини кои заземаат големи градски територии со повеќе од 500000 жители. Во функционална смисла секундарните центри може да ги имаат истите содржини како и главниот градски центар и се дел од системот на полицентричен град. Овие центри се во директна зависност од процесот на растење на градската територија бидејќи нивната улога е да го растерети интензитетот на користење на главниот центар и можните конгестивни ситуации во централните градски зони. Од таа причина истите се лоцираат близу главните сообраќајни артерии согласно стратегиските определби за физичкиот развој на градската територија. Во зависност од спецификите на градот, гравитациското поле на овие центри најчесто се планира да опслужува ~200000 жители со што нивниот опсег на влијание го опфаќа и локалното (внатре градски станбени зони) но и регионалното влијание (соседни градови).

**Реонските центри** најчесто се класифицираат како централни зони со регионално влијание, но поради содржините кои се планираат во ваквите центри тие се во директна релација и со локално ориентираните градски активности. Реонските центри најчесто се планираат во средиштето на одредена градска четврт, односно во зони за домување. Овој вид на центри како и претходните центри од повисок ранг треба да обезбедат поширок избор на услуги (од класите на намени Б, В и Д), а со тоа да генерираат и забележителен број на нови работни места. Реонските центри треба да имаат радиус на влијание од мин. 1.5км, односно се планираат да опслужат ~50000 жители.

**Локалните центри** се центри од сегментот на локално ориентираните активности. Иако во овој вид на центри свое место си наоѓаат и дел од содржините од проширеното домување (социјална инфраструктура, образование и рекреација), локалните центри најчесто служат за задоволување на секојдневните потрошувачки потреби на жителите. Нивниот радиус на опслужување е мин. 200м, додека истите се планираат за населби од мин. 6000 жители.




Генерална диспозиција на градски центри
во систем на центри

**Интензитет на активност на центрите врз база на зачестеноста на задоволување на потребите во различните видови центри (секојдневни, периодични, вонпериодични):**
- во **локалните центри** се задоволуваат 70% од секојдневните потреби. Во локалните центри се задоволуваат и 30% од периодичните потреби.

- во **реонските центри** се задоволуваат 60% од периодичните потреби. Во реонските центри се задоволуваат 20% од секојдневните и 20% од вонпериодичните потреби.

- во **градскиот центар** се задоволуваат 40% од вонпериодичните потреби. Во градскиот центар се задоволуваат 20% од секојдневните и 40% од периодичните потреби.

Вонпериодичните потреби се задоволуваат и во специјализирани центри.

Примената на нормативите треба да се зема како ориентациона вредност и тие се подложни на темелни преиспитувања и корекции во конкретни околности и во најдобар случај служат како ориентациони показатели.

**Содржините присутни во центрите можат да се поделат во три основни групи:**
- содржини поврзани со *општествениот стандард*
**култура и уметност, образование и наука, здравствена и социјална заштита и спорт и рекреација**

- содржини поврзани со разни видови *услуги и деловни содржини*
**трговија на мало, занаетчиски услуги, интелектуални услуги, угостителски услуги и сл., деловни содржини – финансиско-кредитни, осигурување, застапништва, трговија, маркетинг и сл.**

- содржини поврзани со *управувањето и заштитата*.
**централна власт / локална самоуправа, политички организации, јавни институции, административно-управни служби, општествени организации, организации поврзани врз интересна основа...**

**Просторна организација на центарот зависи од факторите на локацијата поврзани со природните и создадените услови.**

**Организација на содржините во центарот може да се темели на нивна:**
- концентрација,
- сегрегација,
- суперпозиција
- нивна комбинација

**Организацијата на сообраќајот е условена од видот на центарот и неговата организација:**
- конвенционална сообраќајна мрежа без диференцирање на различните видови сообраќај,
- сегрегација на транзитниот сообраќај,
- ограничен пристап со формирање на ринг и пристапни/сервисни сообраќајници,
- комбинација на мерки кои опфаќаат посебен режим на јавниот превоз, такси, пешачки зони, паркирање, краткотрајно паркирање...

**Систем на центри – основни карактеристики:**
1. ***различност:*** разновидност на елементите и односите кои постојат меѓу нив, големината на гравитационото подрачје, карактерот, содржината...
2. ***динамичност и примамливост:*** наголемување, намалување, измени во содржината
3. ***целовитост на системот:*** меѓусебна поврзаност и степен на синергичност на центрите, промената во еден центар влијае и на останатите центри
4. ***отвореност на системот:*** центрите се во процес на постојана интеракција со останатите делови на градскиот систем
5. ***стохастички карактер на системот:*** однесувањето на елементите на системот не се во целост предвидливи, промени од времен и траен карактер

## Град од 15 мин. (La ville du quart d’heure)

**La ville du quart d’heure** иако актуелен во последните неколку декади, својата генеза ја носи уште од почетоците на XX век и концептите на Ебенезер Хауард за градовите градини и уште повеќе концептот за „единица на соседството“ на Кларенс Пери за создавање на комплетни заедници. Идејата на овој концепт е дека сите граѓани своите дневни потреби за работа, учење, форми на социјализација и културна надградба, пристап до храна и рекреација ќе можат да ги остварат во времетраење од 15 минути од својот дом.
Генерално овој концепт се базира на хибридизација на различните централни зони и конверзија на движењето во градот од автомобили кон пешачење, возење велосипеди и користење на јавен транспорт. (последните истражувања кажуваат дека дневната рутина на повеќе од 75% жители на градовите е на помалку од 10км дневно).








https://www.archdaily.com/970873/the-concept-of-15-minute-city-wins-2021-obel-award
https://citymonitor.ai/environment/what-is-a-15-minute-city




Компактен град, концепт на Hassell Studio




**‘The Point’ 15min. City**, Солт Лејк Сити, Јута, САД








https://www.weforum.org/videos/paris-is-planning-to-become-a-15-minute-city-897c12513b
https://www.archdaily.com/979585/rising-from-the-desert-a-15-minute-city-is-coming-to-utah

**Транзитно ориентирани развојни зони (Transit oriented development TOD)**

Концептот на **Транзитно ориентирани развојни зони (Transit oriented development TOD, 1990)** е поставен од Питер Калтроп (Peter Calthorpe) и  движењето Нов Урбанизам. Тие ги опфаќаат зоните на градските центри и слободните јавни простори. Станува збор за компактни повеќенаменски зони кои се развиваат паралелно со ефикасен систем за транспорт на луѓе и добра. Главен двигател за интерполирање на TOD во градското ткиво е појавата на инфраструктурни средишта-„хабови“ на јавниот транспорт (особено станици на лесната железница и брзиот автобуски транспорт, BRT) кои се дел од примарната градска сообраќајна мрежа. Покрај транспортната инфраструктура овие зони се планираат со интерполирање на јавен простор како дел од инфраструктурните транспортни станици во и околу кои се појавуваат мешани наменски зони со доминантно трговско-деловна намена и највисок степен на нивна концентрација во радиус од 500-700 м околу транспортното средиште.




Единечен јазол




Развојни зони на мултиплицирани јазли




Транзитен коридор

https://www.nordregio.org/wp-content/uploads/2018/09/CASUAL-PB-2.pdf












http://www.tod.org/home.html

# ВЕЖБА 5

# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2
## зимски семестар 2024-25

## Задача 5



# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2
# зимски семестар 2024-25

## Уредување на дел од дворот на Архитектонскиот факултет

**Да се изработи проект за уредување на дел од дворот на Факултетот со почитување на следниве услови:**

- **да се обезбеди паркинг за најмалку 130 возила, при што на ниво на партер паркираат 20% од возилата во рамките на кои треба да се обезбеди вкупниот потребен број паркинзи за лица со посебни потреби;**
- **надземниот паркинг да се организира во рамките на површината обоена во сива боја;**
- **за останатите возила да се обезбеди паркирање во подземни нивои;**
- **котата на коловозот е на 0.00м, а на подот на подземниот паркинг започнува на -2.80м;**
- **подземниот паркинг треба да се организира во рамките на границите на подземната градежна линија (ПГЛ). При планирањето на подземниот паркинг да се користи и делот од површината под новопланираниот објект кој влегува во (ПГЛ);**
- **пристапот до подземниот паркинг е преку двосмерна откриена, делумно откриена или покриена права рамп. На кота 0.00 рампата треба да биде дел од површината наменета за надземен паркинг, додека на кота -2.80 истата треба да пристапува во зоната дефинирана со (ПГЛ);**
- **да се обезбедат пешачки излези од подземниот паркинг (Rmax.30m) и да се прикаже носивата конструкција на подземниот паркинг;**
- **да се обезбеди непречен пешачки пристап кон постојните влезови на објектот, а мин. два влеза (од вкупно 4) да се направат пристапни за лица со посебни потреби;**
- **да се обезбеди пристап од страната на автобуската станица на бул. „Партизански одреди“, вклучувајќи и пристап за лица со посебни потреби;**
- **да се обезбеди континуирано пешачко движење по оската југоисток – северозапад;**
- **при партерното уредување предност да имаат тековите на пешачко движење, а пешачките површини и позициите на високо зеленило да се определат без детално да се уредуваат;**
- **постојните гаражи и бараки на локацијата се отстрануваат;**
- **да се прикажаат висинските коти и наклоните и должините на пристапните рампи за колски и пешачки сообраќај;**

**Вежбата се работи во размер М = 1:500 на А3 формат или на проширен А3 формат (29.7/42++)**

## УП2



УЛИЦА РАДЊАНСКА
УЛ. РАДЕ
ДАВКОВ
РЛ
Н (постојно)
+1.56
ПГЛ
8
± 0.00
35
45.5
21
ГЛ
Н=14m
Пом.ГЛ
13.5
пасаж
+1.20
РЛ = ГЛ
опфат
РЛ
регулациона линија
ГЛ
градежна линија
Пом.ГЛ
градежна линија (помошна)
ПГЛ
градежна линија (подземна)
влез
места за пристап со рампи
мах. дозволена површина за надземен паркинг
М= 1:500 / А3

УП2


ПРАВИЛНИ РАДИУСИ, ШИРИНА НА КОЛОВОЗ
СПОРЕД НОРМАТИВИТЕ ЗА ПАРКИРАЊЕ
УЛИЦА РАДЊАНСКА
УЛ. РАДЕ
РЛ
ПГЛ
ГЛ
± 0.00
45.5
35
8
21
13.5
+1.56
+1.20
Н (постојно)
H=14m
Пом.ГЛ
пасаж
РЛ = ГЛ
опфат
регулациона линија
градежна линија
градежна линија (помошна)
градежна линија (подземна)
влез
места за пристап со рампи
мах. дозволена површина за надземен паркинг
M= 1:500 / A3

## УП2



ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РАМПАТА И
РЕШЕНИЕ НА НАДЗЕМНИОТ ПАРКИНГ
УЛИЦА РАДЊАНСКА
УЛ. РАДЕ
Н (постојно)
+1.56
± 0.00
45.5
35
21
13.5
ПГЛ
ГЛ
РЛ
Пом.ГЛ
пасаж
Н=14м
РЛ = ГЛ
+1.20
15051
10194
10193
10192 2
опфат
регулациона линија
градежна линија
градежна линија (помошна)
градежна линија (подземна)
влез
места за пристап со рампи
мах. дозволена површина за надземен паркинг
М= 1:500 / А3

УП2

## ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РАМПАТА И РЕШЕНИЕ НА ПОДЗЕМНИОТ ПАРКИНГ СО ИНТЕРПОЛАЦИЈА НА КОНСТУКТИВЕН СИСТЕМ



# УП2


ДОМИНАНТНИ ПЕШАЧКИ ПРАВЦИ ВО ЛОКАЦИЈАТА И
ВЕРТИКАЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ ЈАДРА
УЛИЦА РАДЊАНСКА
УЛ. РАДЕ
РЛ
ПГЛ
ГЛ
Пом.ГЛ
± 0.00
45.5
35
21
13.5
+1.56
+1.20
H=14m
H (постојно)
пасаж
РЛ = ГЛ
15051
10192
10194
10195
10193
опфат
РЛ регулациона линија
ГЛ градежна линија
Пом.ГЛ градежна линија (помошна)
ПГЛ градежна линија (подземна)
влез
места за пристап со рампи
мах. дозволена површина за надземен паркинг
M= 1:500 / A3